

# Потребата за воведување на програми за проверка/тестирање на психоактивни супстанци во Република Северна Македонија од аспект на лицата кои употребуваат психоактивни супстанци

## извештај од теренско истражување

Влатко Деков

Главна цел на истражувањето беше да се утврди потребата на луѓето кои употребуваат нелегални психоактивни супстанци од услуги за проверка/тестирање на психоактивните супстанци односно да се процени потребата од отворање на програма за проверка на дрогите – Drug checking програма во Северна Македонија.

Европскиот монисторинг центар за дроги и зависност од дроги ги дефинираат програмите кои нудат услуги за проверка/ тестирање на психоактивните супстанци како програми кои им обезбедуваат на лицата кои употребуваат дроги, информации за хемиската содржина на супстанцата која ја поседуваат, како и советување или кратки интервенции. Приоритетите на услугата варираат и може да вклучуваат собирање информации, намалување на штети од употреба на дроги и рано предупредување.[1]

Главниот фокус на овие програми е јавното здравје и намалување на штети од употреба на психоактивни супстанци преку анализа на супстанците за откривање на нивната содржина и враќање на резултатите од секоја анализа до корисниците на услуги со намера да му се помогне на корисникот да ја намали изложеноста на ризик без осуда за нивната одлука да употребуваат дрога.

Техниките кои се користат за проверка на психоактивните супстанции варираат: од софистицирана технологија која може да обезбеди информации за јачината и содржината на широк спектар на супстанци, како што се течна хроматографија со високи перформанси до методи кои едноставно покажуваат присуство или отсуство на одредена супстанца, како што се тенкослојна хроматографија и тестирање со реагенси.

Местата на кои се врши тестирањето вклучуваат центри за намалување на штети каде има фиксни лаборатории и каде што поединци и организации можат да доставаат психоактивни супстанци за тестирање (резултатите се добиваат неколку дена подоцна) и мобилни лабора-

[1] https://www.emcdda.europa.eu/spotlights/spotlight-drug-checking_en

тории на фестивали и клубови кои обезбедуваат речиси моментални резултати најчесто преку анализа на супстанцата со помош на реагенси.

Вакви програми постојат во повеќе од 20 земји во светот и нивна главна цел е превенција на смртни случаи и намалување на здравствените ризици од употреба на дроги.

Истражувањето се спроведе преку два истражувачки методи: онлајн прашалник кој беше промовиран и се пополнуваше преку социјалните мрежи чија цел беше да се допре до помладата популација која употребува нелегални психоактивни супстанци. Втората метода беше интервју при што освен со помладата популација требаше да се опфатат и дел од луѓето кои ги користат услугите на програмите за размена на прибор за инјектирање. Онлајн прашалникот го пополнија 71 лице кое употребува нелегални психоактивни супстанци додека со интервју беа опфатени 45 лица кои употребуваат нелегални психоактивни супстанци од кои 15 се клиенти на програмите за размена на прибор за инјектирање.

## Анализа на податоците

Најголемиот дел од испитаниците се на возраст од 18-24 години (32,2%) а потоа следуваат оние од 32-38 години (27%).

Според род 52% се мажи, 43% жени, 3 или 2,5% од испитаниците се изјасниле како трансродно лице а исто толку (2,5%) како небинарна личност.

Сите 116 испитаници употребуваат нелегални психоактивни супстанци. Најголемиот дел од нив употребуваат нелегални псохоактивни супстанци секој ден (35,3%), неколкупати седмично употребуваат 24,1%, еднаш до двапати месечно 19,8%, само за викенд 13% и помалку од еднаш месечно употребуваат 12% од испитаниците.

Најупотребувани супстанци во текот на последниот месец се: канабис 74% од испитаниците рекле дека употребиле канабис во последниот месец, кокаин со 40%, МДМА (екстази) 30% и амфетамини во последниот месец употребиле 30% од испитаниците.

38% од испитаниците рекле дека во Македонија можат да се набават нови психоактивни супстанци.

Дури 56% од испитаниците биле сведоци на предозирање од употреба на психоактивни супстанци а 26% се изјасниле дека тие самите се предозирале што зборува за високо ризично однесување на младата популација која употребува нелегални психоактивни супстанци во Македонија.

Дури 47% рекле дека воопшто не се сигурни за чистота на супстанцата која ја употребуваат,а 40,5% дека половично се сигурни. За ризичното однесување зборува и податокот дека 67% од испитаниците земале супстанца за која не биле сигурни што е односно за кој вид на



психоактивна супстанца станува збор. Најчести места на употреба на психоактивни супстанци се: дома 72% од испитаниците, на отоворено – улица, парк 47% и исто толку (47%) рекле дека употребуваат во кафуле или клубови. Изненадува податокот дека 14,5% од испитаниците рекле дека некогаш направиле проверка на супстанцата за да видат што земаат но тоа го направиле при посета на други земји каде има таква можност.

71% од испитаниците рекле дека им е познато дека во некои земји постојат програми за проеверка на психоактивните супстанци а 97% сметаат дека вакви програми треба да бидат отворени и во Северна Македонија.

На прашањето дали вие анонимно би ја провериле супстанцата во вакви програми доколку бидат отворени во Северна Македонија, 84% одговориле потврдно, 10% одговориле дека не се сигурни, а само 6% дека тоа нема да го направат.

На прашањето кој би требало да понуди вакви услуги за анализа односно проверка на супстанцата најголем дел од испитаниците – 60% рекле здружение на граѓани а потоа следува министерство за здравство – 48%.

## Заклучоци и препораки

Очигледно е дека трендовите на употреба на droги во Република Северна Македонија се менуваат. Ако порано заедно со канабисот една од најупотребуваната супстанца беше хероинот сега тоа е кокаинот а веднаш потоа следуваат МДМА (екстази) и амфетамините. Освен овие супстанции кои подолго време се присутни кај нас, се почесто се среќаваат и нови психоактивни супстанции.

Недостатокот од постоење на програми за намалување на штети од употреба на синтетичките супстанци влијае на недоволната информираност за ризиците од нивна употреба. Па оттука значаен број на луѓе кои употребуваат психоактивни супстанци се предозирале, а повеќе од половината (56%) биле сведоци на предозирање од психоактивни супстанци. Ризичното однесување се гледа и во податокот дека дури 47% од учесниците во ова истражување воопшто не се сигурни за чистота на супстанцата која ја употребуваат додека 67% од испитаниците рекле дека земале супстанца за која не биле сигурни што е односно за кој вид на психоактивна супстанца станува збор.

Согласно добиените одговори луѓето кои употребуваат нелегални психоактивни супстанци во Северна Македонија сметаат дека за да се намали ризчното однесување и да се превенираат смртните случаи и другите здравствени последици од употребата на нелегалните психоактивни супстанци потребно е што побрзо да се отвори програма за проверка на психоактивните супстанци позната во светот како Drug checking програма. Според нив овие програми треба да ги спроведуваат здруженијата на граѓани кои веќе имаат програми за намалување на штети од употреба на дроги во соработка со Министерството за здравство.

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

ehra
eurasian harm reduction association

ROBERT CARR FUND
For civil society networks

**„Ставовите изразени во оваа публикација се само на авторите и не мора да ги одразуваат ставовите на Евроазиската асоцијација за намалување на штети и Фондацијата Роберт Кар".**